**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

# КОДЕКС
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

**Скопје, септември 2007 година**

Врз основа на членот 165 став 3 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/06), министерот за правда донесе

**КОДЕКС**
**за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи**

Член 1

Со овој кодекс се уредува начинот на однесувањето и работењето на државните службеници, со цел да се обезбеди почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност и лојалност при вршењето на нивните службени должности.

Член 2

Службените лица треба секогаш да ги исполнуваат работните задачи определени со закон, согласно високиот степен на одговорност кој го бара нивната професија.

Член 3

При вршењето на нивните задачи, службените лица треба да го почитуваат и заштитуваат човековото достоинство и да ги одржуваат и подржуваат човековите права на осудените лица.

Член 4

Службените лица можат да употребат сила само кога е тоа неопходно и во онаа мера која е потребна за вршење на нивните задачи.

Член 5

Податоците од доверлива природа со кои располагаат, службените лица ги држат во тајност, освен ако вршењето на должноста или потребите на правдата не бараат да се постапи поинаку.

Член 6

Ниту едно службено лице не може да нанесе, поттикне или толерира тортура или друга свирепа, нехумана и понижувачка постапка или казна, ниту пак

службено лице може да се повика на наредба од претпоставен или на спроведување на потребни дејствија за превенција, рано предупредување и справување со кризни состојби како оправдување за тортура или друга свирепа, нехумана или понижувачка постапка или казна.

Член 7

Службените лица треба да обезбедат целосна заштита на здравјето на лицата кои им се доверени на чување, а посебно, веднаш да преземат мерки за обезбедување на медицинска нега секогаш кога таа ќе биде потребна.

Член 8

Службените лица не смеат да сторат никакви дела на корупција и енергично да се спротивставаат и да се борат против таквите дела.

Член 9

Службените лица треба да почитуваат закон и овој кодекс и да спречат и најенергично да се спротивставаат на секакво кршење на законот од нивна страна. Во случај на непочитување на одредбите на законот и овој кодекс, службените лица ќе подлежат на соодветна одговорност.

Член 10

Овој кодекс влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,**

Михајло Маневски

Број 07-1010/1
24.09.2007 година
С к о п ј е